Архивски број: 0801-393/4
14.12.2021 година

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година vjit
Потпис Nënshkrimi

Постапувајќи по претставка бр. 0801-393 од 17.11.2021 година поднесена од [redacted] комитет за човекови права против [redacted] за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 14.12.2021 година го донесе следново

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од [redacted] спрема припадниците на ЛГБТИ заедницата.

## Образложение

На 17.11.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted], а за истата правна работа на 18.11.2021 година беше доставена претставка од [redacted]". Од таа причина Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со одлука од 25.11.2021 година ги спои овие две претставки во еден предмет, под еден архивски број и за нив води една постапка.

Во претставката беше наведено дека на штандот на [redacted] поставен во трговскиот центар Skopje East Gate била поставена маица на која бил истакнат следниот текст "No lesby, no gay, no bisexual, no transgender, antilgbt". Тврдењето од претставката беше сторено веројатно и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја достави претставката до [redacted] со цел нивно изјаснување по наводите содржани во неа.

Во одговорот на претставката добиен по е-маил кореспонденција на 02.12.2021 година, беше потврдено тврдењето од претставката, односно дека таквиот рекламен материјал бил изложен на штандот на [redacted].

Имајќи ја предвид ваквата фактичка состојба и законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. “*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека [redacted] со таквото постапување ја има исполнето законската дефиниција на вознемирување и истото го сторило врз лицата припадници на ЛГБТИ заедницата и трансродовите лица. Истакнувајќи печатен материјал со горенаведената содржина [redacted] создало непријателска и понижувачка атмосфера за овие лица.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдено вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

Се препорачува на [redacted] да упати јавно извинување на својата веб страна или социјална мрежа кон лицатата припадници на ЛГБТИ заедницата и трансродовите лица. Откако ќе објави јавно извинување, за тоа да ги извести подносителите на претставката, [redacted] и [redacted]“, како и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува во иднина да не се печатат материјали кои продуцираат дискриминирачка и вознемирувачка содржина.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
14.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до
- [redacted], 1000 Скопје
- [redacted],
- [redacted] Скопје



КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk